Елица МАНЕВА

**УДК: 904:726.54(497.7-21)„15“**

# ДВА ЧЕСТИТА ПРСТЕНА – ПЕЧАТНИКА НА НЕИДЕНТИФИКУВАНА ЛИЧНОСТ ОД XVI ВЕК ОД ВОДОЧА

***Кратка содржина***

*Гробот 489 од Водоча со својот необичен инвентар: нож, делови од бакарни копчиња од поквалитетна облека и особено, двата прстена со печати нуди провокативна стори-ја за една значајна и контроверзна личност од XVI век.* ***Сл. 1, 2***

*Прстенот најден на десната рака,* ***Сл. 3, 4*** *според ме-стото на употреба (на показалецот) витешкиот облик и печатот во вид на змеј со раширени крилја, покажува дека по-којникот имал честито, витешко потекло.*

*Витешкиот ред на змејот формиран од унгарскиот крал во 1408 имал за цел борба против антихристот и наезда-та на Турците. Витезите од првиот степен (кралеви, деспо-ти, херцози, војводи и др. крупни феудалци) имале привилегија да „врачат витештво“ на уште 50 свои избраници.*

*Во текот на XV век некој „племенит“ човек од овие об-ласти се здобил со вакво витештво. Негов потомок од второ или трето колено (судејќи по излижаноста на прстенот од долготрајна употреба) бил погребен со оваа инсигнија во гро-бот 489 во Водоча.*

*Истовремено на левата рака, кај овој покојник најден е речиси „нов“ заветен прстен од XVI век со османлиско турски печат во кој се споменува името Мохамед.* ***Сл. 5-7***

*Не е без основа претпоставката, личноста што го дарувала овој заветен прстен да се идентификува со Мухамед Ибрахим споменет во турските пописни дефтери од XVI век, во селото Водица (Водоча), од казата Струмица, во Ќустен-дилскиот санџак.*

***Клучни зборови:*** *НЕКРОПОЛА ОД ВОДОЧА, ПРСТЕНИ-ПЕ-ЧАТНИЦИ, ВИТЕШКИ РЕД НА ЗМЕЈОТ, ОСМАНЛИСКО ТУРСКИ НАТ-ПИС, ТУРСКИ ПОПИСНИ ДЕФТЕРИ.*

Во пространата некропола лоцирана околу комплексот *Водоч-ки цркви – Св. Леонтиј – Водоча*, на 4 км северо-западно од Струмица откриени се 1081 гроб. Археолошките ископувања ги изведувал, главно, археологот Јован Ананиев (1947-2003) во периодот од 1979 до




Сл. 1. Гробот 489 – основа in situ.
Fig. 1. Grave 489: bottom *in situ*.

2003 година, со тоа што помали интервенции се вршени и пред и по наведеното време.[1]

Временската припадност на некрополата е многу широка со континуитет од XIII-XIV век па сè до средината на XX век.

Во текот на 1996 година откриен е гробот 489 којшто се издвојува од сите останати со необичниот гробен инвентар.

По својата конструкција тој претставува сосема едноставна, слободно вкопана јама, со димензии 1,75 x 0,90 м. Ориентацијата е З-И (со мал отклон кон север) што е согласно со христијанските канони. **Сл. 1, 2**

Надгробно обележување не е забележано.

Скелетот е оштетен, особено во пределот на главата, трупот и стапалата. Сепак, јасно се гледа дека покојникот бил положен на грб со прекрстени раце поставени на половината што е, исто така, христијански обичај.

За жал, меѓу остеолошките материјали од некрополата во Водоча не беше можно да се идентификуваат остатоците од овој гроб, така што недостасува соодветната антрополошка анализа на скелетот (димензии, пол, возраст, расни и палеопатолошки карактеристики итн.).

Од друга страна, според податоците од теренската документација (дневник на ископување, инвентарна книга, архитектонска и фото документација) прибрани се задоволителен број информации за контекстот на наодот и за гробниот инвентар. **Сл. 1-2**

Од гробот 489 потекнуваат четири наоди: покрај черепот (лево) откриен е нож, **Сл. 1, 2** витешки прстен со претстава на дракон

[1] Во 1961-1962, некрополата во Водоча почнал да ја ископува В. Лахтов, во 1973-1974 помали ископувања и истражувања на сакралните објекти извел П. Миљковиќ-Пепек, а после обемните археолошки работи извршени од страна на Ј. Ананиев во периодот 1979-2003, ископувањата ги завршил археологот Ване Секулов во 2004 година.



Сл. 2. Гробот 489 – основа и наоди (цртеж Д. Спасова).
Fig. 2. Grave 489: bottom and finds (drawing: D. Spasova).

најден е на десната рака, **Сл. 1-4** додека прстен со османлиско-турски натпис на левата **Сл. 1-2, 5-7**. Во пределот наградите откриена е една половина од шупливо, топчесто копче и фрагменти од друго. **Сл. 1, 2**.

Со оглед на интактноста, релативно богатиот и провокативен гробен инвентар, овој гроб и личноста погребена во него предизвикуваат особено интересирање за разрешување на контроверзите што се загатнати со нивното откривање.

**Ножот** е железен, со една острица и со заоблен врв. По својот изглед и големина **Сл. 1, 2** тој не може да се третира како оружје туку како предмет за секојдневна употреба. (Димензии на сечилото 105 х 15 мм; целокупна должина заедно со трнот 185 мм; пресек – 3 до 4 мм).

Во документацијата од теренските работи е забележано дека ножот имал остатоци од „интересна дршка“, веројатно од дрво, чиишто траги нестанале.

Неговото присуство во гробот може да оваплотува одреден обичај, верување или суеверие, да претставува професионална ознака, повисока економска моќ или повиден општествен статус, па дури да претставува и извесна повластена положба на погребената личност во однос на останатите жители од населбата.

**Бакарните копчиња**, најдени во пределот на градите, исто така се показатели за поголемата имотна состојба на покојникот и за облека која ги надминувала вообичаените фолклорни квалитети на секојдневниот костим.[2] **Сл. 1, 2**

Сепак, акцентот во проучувањето е ставен на анализата на двата прстена чие присуство сугерира дека личноста од гробот 489 е по многу нешта исклучителна меѓу водочката популација од пост-средновековниот период.

**Прстенот** откриен на десната рака **Сл. 2-4** (Дим.: Д/внатрешен/ – 18 x 22 мм; висина – 29 мм; глава – 9 x 14 мм и тежина – 8,63 гр) е квалитетна изработка од сребро со површинско позлатување во техника на лиење и врежување. Како резултат на долготрајната употреба на прстенот, позлатувањето е зачувано во незначителни траги.

Според својот морфолошки изглед, овој прстен припаѓа на витешките форми[3] и се врзува за средновековните, европски тенденции во обликувањето.

Обрачот во долната половина има лачен пресек, во средишниот дел се „прекршува" поминувајќи во лентести триаголни полиња кои завршуваат со рамна, елипсовидна глава. Надворешната површина на обрачот е украсена со врежана орнаментика, која во долниот дел е речиси сосема изабена, додека во горниот се прикажани стилизирани флорални, листолики (?) мотиви. **Сл. 3, 4**

На главата, вешто, со сигурни потези, длабоко е врежана претстава во вид на фантастичното суштество – змејот или драконот. Тоа е прикажано со тело на змија, со извиена опашка, со пердувести, размавтани крилја, со две птичји нозе со двопрстести стапала, издолжен, накострешен врат, долга муцка со отворени челусти и со рогови.

Драконот има многу сложена, повеќезначна и амбивалентна симболика. Во зависност од културната, временската или контекстуалната припадност на објектите што го носат овој мотив, тој може да се толкува на различни начини. Како метафора на сеопфатната космичка содржина, неговото битие може да биде одраз и на доброто и на злото.[4]

---

[2] Зечевић 2004, 210.
[3] Милошевић 1990, 53, сл. 6.
[4] Дончева-Петкова 1996, 82-88.

Во бајковитата имагинација на средновековието, змејот зазема исклучително место. Најчесто тој е олицетворение на сила и опасност со која треба да се соочат јунаците, а победата над него значи ослободување (на доброто, на водите, на девојката итн.) и совладување на надмоќна стихија.[5]

Во претставата на драконот од водочкиот прстен се инсистира на застрашувачките атрибути кои ги покажуваат неговите моќи во една злокобна модификација. **Сл. 3, 4**



Сл. 3. Витешки прстен – изглед и печат.
Fig. 3. Knight's ring: appearance and seal.

Тоа од една страна може да значи дека носителите на прстени со овој амблем се идентификувале со неговата невидена снага како господар на двете спротивставени стихии: огнот и водите, како и со неговата сеприсутност во сите сфери на универзумот (подземје, земја и небо). Меѓутоа, ова суштество истовремено е и олицетворение на демонот.[6] Во неговото толкување не е исклучена ниту идејата за менталната компензација на витезите – иматели на овие прстени со иконографските претстави на христијанските светители, борци против злото и антихристот. Тоа се Св. Теодор,[7] а особено со Св. Ѓорѓи којшто го прободува аждерот,[8] во архетипските сцени коишто го прикажуваат младиот јунак – коњаник и неговата победа над страш-

[5] Chevalier-Ghreerbrant 1987, 793-795.

[6] Cf. n. 4, 5.

[7] Димитрова 1993, 151-161, сл. 24.

[8] *Byzantium* 1994, 222-224, cat. no. 236.




Сл. 4. Витешки прстен – изглед и печат (цртеж Д. Спасова).
Fig. 4. Knight'a ring: appearance and seal (drawing: D. Spasova).

ниот ѕвер. Наведените светители, покрај другите од кругот на христијанските свети воини се посведочени покровители на војската и заштитници на борците. Конечно, уништувањето на аждерот значи христова победа над злото.

Со оглед на витешкиот облик на прстенот, се наметнува и прашањето за изгледот на амблемот од витешкиот ред на драконот основан во 1408 година од унгарскиот крал Жигмунд.[9] Во овој витешки ред членувале витези-воини кои се бореле против злото, односно против антихристот и уште поконкретно против опасноста која доаѓала со продирањето и освојувачките походи на Турците.

Во првиот степен на витези од редот на драконот биле именувани само 24 членови. Потоа нивниот број станувал безмалку неограничен затоа што според правилата секој од овие витези имал привилегија „следните 50 племенити луѓе да ги украси со овој знак".[10]

Моќни витези од редот на змејот биле деспотите Стефан Лазаревиќ[11] и Ѓураќ Бранковиќ, херцогот Хрвоје Вукчиќ Хрватиниќ, членови од фамилиите на Косача и Храниќ, па дури и влашкиот војвода Дракул.[12]

Во тој поглед особено е интересен, релативно познатиот животен пат, членувањето во витешкиот ред на змејот и тестаментот на

[9] Ћирковић 1968, 273.

[10] Ibid., 273, n. 75.

[11] Константин филозоф на едно место кажува дека деспотот Стефан Лазаревиќ можел да „врачи витештво" – односно да произведе витез. Стојановић 1902, бр. 120.

[12] Ћирковић 1968, 272; Милошевић 1990, 129; Иванић 1998, 16.

витезот Прибислав Вукотиќ[13]. По раѓање тој не бил од благороден род, а со витешки одличја се стекнувал во текот на дипломатската служба и контактите со западноевропските кралеви. Тој бил близок соработник и советник на херцогот Стефан Косача.

Во тестаментот што го направил во 1475 година наброени се неговите витешки ознаки: мечот, мамузите и појасот, како и церемонијалниот ѓердан-колајната и дивизата добиени како кралски дарови. Меѓу другото се споменува и „una insegna che ha el Dragon arma de Re d'Ungaria".[14] Инсигнијата со знак на дракон (тоа, секако, не бил грбот или амблемот на унгарсктие кралеви) се наведува во неговиот тестамент и меѓу накитот што неговата жена Доротеја требало да го наследи од него.[15]

И во заоставштината на Херцогот Стефан Косача се споменуваат „шаркана два витешка".[16] Ако се знае дека шаркан (унгарски-sarkany) е змеј, тогаш се испоставува дека Стефан Косача и Прибислав Вукотиќ биле носители на истата витешка инсигнија и припадници на редот на змејот.

Иако амблемот на овој ред не е јасно дефиниран, заслужува внимание претпоставката на Д. Милошевиќ дека еден од најлуксузните златни прстени по потекло од Дубровник, датиран до 60-тите години на XV век бил сопственост токму на Стефан Косача. Покрај бројните натписи и раскошната декорација, за одбележување е дека на горната површина од главата на наведениот прстен се прикажани: штит, шлем и над него крилест змеј – како ознака на некој што припаѓал на витешкиот ред на „шарканот".[17]

Колку долго, каде и со која бројност опстојувал витешкиот ред на змејот, засега е неизвесно, како ни тоа како точно изгледала претставата на оваа инсигнија.

Се чини, меѓутоа, оправдано мислењето дека во текот на XV век на извесен „племенит" човек од овие области му било„врачено витештво" во овој ред.

Еден ситен, но драгоцен детаљ забележан од истражувачот Јован Ананиев во текот на ископувањата на гробот 489 оди во прилог на високиот општствен статус или потекло на погребената личност. Имено, токму прстенот со претстава на змеј е откриен на десниот показалец. Тоа во средновековната култура била значајна сигнализација за околината бидејќи го означувало местото каде се покажувала чести-

---

[13] Ћирковић 1968, 257-276.
[14] Ibid., 273.
[15] Ibid., 260, n. 7.
[16] Стојановић 1934, 83.
[17] Милошевић 1990, 128-129, кат. бр. 180.



Сл. 5. Гробот 489 – Прстен со османлиско-турски натпис – изглед.
Fig. 5. Grave 489: Ring with Ottoman Turkish inscription (appearance).

тата положба или потекло на носителот. Овој обичај бил во склад со одредбите што уште во XI век биле пропишани со *Правилникот за патрикии*. Таму дословно се вели дека патрикиите или припадниците од честит род или служба тоа го покажуваат со прстен на десниот показалец (*anulus in dextra indice*).[18]

Прстенот без сомнение бил употребуван како печат којшто го претставувал „белегот“ на носителот и со што се гарантирала неговата припадност.

Долготрајната употреба на водочкиот примерок е евидентна. Како резултат на тоа симната е речиси целата позлата, а рабовите и орнаментиката на обрачот се излижани. Тоа значи дека овој прстен бил во употреба и од потомците од второ или трето колено на оној што, во XV век се здобил со статусот на витез од редот на драконот, како и со правото да носи прстен-печатник со вакви ознаки и на опишаниот начин. Состојбата на овој примерок дава за право да се помисли дека тој доспеал под земја подоцна, веројатно во XVI век кога се датира другиот прстен од истиот гроб.

**Прстенот** најден на домалиот прст од левата рака во гробот 489 **Сл. 1, 2, 5-7** изгледа бил сосема „нов“ во моментот на погребувањето. Тој е многу масивен, со остри рабови и очигледно бил малку време во употреба. Изработен е од бронза во техника на лиење и врежување. (Дим.: Д/внатрешен/ – 19 мм; висина – 27 мм; глава – 23 х 14 мм и тежина 17,32 гр).

Со својата волуменозност и тежина тоа е најмаркантниот прстен меѓу наодите од Водоча. Неговиот обрач има триаголен до полукружен пресек, нагласено задебелување на долниот дел, а во горниот преминува во масивна плочеста, бадеместо оформена глава лиена во истата маса со обрачот, со натпис на горната површина. Наведените карактеристики го атрибуираат овој прстен во XVI век. Нат-

[18] Werner, Malaja Pereščepina, n. 153.



Сл. 6. Печат и отпечаток на прстенот со османлиско-турски натпис.
Fig. 6. Seal and impression on the ring with Ottoman Turkish inscription.

писот е изведен „огледално“, заради втиснување на печатот, затоа што и овој, како и претходниот прстен, имал улога на печатник.

Врежаниот натпис е османлиско турски и се чита како „Сахибу Мохамед“.[19] Толкувањето е покомплексно, иако комбинацијата на лично име со зборот „сахибу“ е релативно честа појава на прстените со османлиско турски натписи од наведеното време. Во основа, овој поим означува збир од карактеристики заради што некој е именуван како „фален“. Тука се подразбираат значењата на благодарност, заштита, подарок, послужител, се мисли на некој кој сршил одредена работа, на човек со многу врлини итн.

Прстените со натписи употребувани како печат во Османлиска Турција почнале да се практикуваат уште во XV век. Во XVI век тоа веќе станало вообичаена појава. Нив ги носеле и мажи и жени (со одделни разлики во обликувањето на печатот), припадниците од висок род, но и останатите општествени слоеви, сѐ до обичните селани кои ги користеле наместо потпис. Тие биле изработувани од различни материјали со тоа што било недостојно мажите да носат прстени од злато, туку тие биле од сребро за претставниците од повисокиот слоеви или од бронза, бакар, месинг и други метали за пониските. Според прописите печатниците не се носеле на средниот и домалиот прст од десната рака, а се препорачувало да се стават на малиот и тоа со печатот свртен кон дланката.[20]

---

[19] За помошта во читањето на текстот им благодарам на д-р Нухман Јусуф, научен соработник при МАНУ и на Ѓулнихал Исмаил, лингвист од Скопје.

[20] www.cafeturco.com (2007) со податоци од д-р M. Zeki Kuşoğlu професор од Marmara Üniversitasi Öğretim Üyesi од Турција.




Сл. 7. Прстен со османлиско-турски натпис
– изглед и печат – детали (цртеж Д. Спасова).
Fig. 7. Ring with Ottoman Turkish inscription
(appearance and seal: detail; drawing: D. Spasova).

Датирањето на прстенот со османлиско турски натпис, а со тоа и на гробот 489 од Водоча во поодминатиот XVI век значеше предизвик да се проучат турските пописни дефтери од наведеното време.

Во Ќустендилскиот санџак – Струмичка каза, покрај другите населби се споменува и Водица (Водоча). Тука се наброени сите имиња од машките старешини на семејствата (кои биле 84 на број), на неоженетите (15), на вдовиците (14) и на „баштините“ (16) – заедно со вкупните давачки.[21]

[21] Овој список е следниот: Стојко Петко; Велко Петко; Продан Продан, Јован Продан; Тодор Јован; Стојко Продан; Стојко Петко; Тодор Петко; Михо, поп; баштина на Стојко во рацете на Петри Бојо; баштина на Димитри во рацете на поп Јован; баштина на Бојко, во рацете на Петри Никле; **баштина во рацете на Касем (сега) во рацете на Мухамед Ибрахим**; баштина на Пројо, во рацете на Јанко Никола; баштина на Стајко во рацете на Тодор Никола; баштина на Пројо во рацете на Јанко Гуро; баштина на Стале во рацете на Јован баштина на Петри Бранислав; баштина на Ермен, во рацете на Јован Рајко /и/ Нове Пејо, заедно ја работат; баштина на Пејо Станимир во рацете на Петко Димитри; баштина на Димо Продан во рацете на Петро; баштина на Велко Бојко, во рацете на Алекси Ѓорго; баштина на Продан, во рацете на Продан Димитри; Киро Јован; Јануле Никле; Јован Богдан; Петри Михо, Петри Михо, повторено; Петко Ѓорго; Петко Стојко; вдовица Борица (Бојжица); вдовица Неда; вдовица Арна; вдовица Рада; вдовица Тодора; вдовица Милка; вдовица Калина; вдовица Елка; вдовица Боса; вдовица Донка; вдовица Неда; вдовица Елка; вдовица Станка; вдовица Калина.

Останатите жители – машките глави на семејства од Водоча од горенаведениот попис се: Продан Димо; Тодор Продан, Стојко Продан; Петри Стојко; Првуш (Перуш) Никле; Миле Павле; Јанко Првуш; Велко Јанко; Пејо Јанко; Пејо Бојко; Год(и)ле Бојко; Год(и)ле Дамјан; Јован Тодор; Пројо Стајо; Миле Петро; Јанко Петро; Јован Петро; Дамјан Петро; Кузман Петро; Никле Јован; Петко Димитри; Јован Димитри; Ѓурко Јован; Петко Миле; Никлебозаџија; Ѓорго Бојко; Никле Јован; Мијо (Мино) Калин; Миле Мијо; Велко Стано; Стојко Бојко; Петран Никле; Никле Петри; Ставре Јован; Киро Јован; Јован Велчо; Нове Рајко; Годиле Нове; Тодор Нове; Киро Нове; Нове Пејо; Киро Нове; Пејо Нове; Стојо Ѓорго; Милко Никола; Тодор Никола; Петри Никола; Стојко Никола; Јован Стојко; Никола Стојко; Јанко Никола; Велко Јанко; Михо Никола; Стајо (Стано) Рајко; Димитри Стајо; Јован Стајо; Рајко Стајо; Јован Јанко; Стојо Јован; Јанко Јован; Димитри Михо; Петко Пејо; Јован Пејо; Петри Бранислав; Тихо Радин; Петко Стајо; Јорго Киро; Стојко Киро; Данко Сиромав; Атанас Стево; Петко Атанас; Стојко Атанас; Богдан Петко; Петри Богдан; Богдан Јовко; Атанас Богдан; поп Јован; Никола Стајо; Продан Никле; Јован Сирмов; Дука Сирмов; Никле Ѓорче; Стојко Продан. *Турски документи*, Том V, кн. III, 80, 81.

Словенскиот термин „баштина“ се употребува во турските пописни дефтери за условно наследна, државна земја која ја поседувала едно христијанско семејство, соодветна по големина и квалитет на чифлигот во рацете на муслиманските сопственици.[22]

Според имињата на жителите наведени во овие пописни дефтери во Водоча живееле христијани. За тоа, впрочем, сведочат локацијата покрај црква, погребниот ритус, ориентацијата и положбата на гробовите во некрополата, како и личните имиња на жителите.

Во наведениот попис на жителите и на баштините од Водоча се забележува дека една баштина (не се кажува чија била претходно) е „во рацете на Касем (сега) во рацете на Мухамед Ибрахим“.[23]

Има ли тоа некаква врска со честитата личност од гробот 489 кој веројатно бил баштинар?

Провокативна е, исто така, и помислата дека Мохамед, дародавецот на заветниот прстен со османлиско турски натпис, можеби, е токму Мухамед Ибрахим од горе наведениот попис во чии раце (сега) се наоѓала извесната баштина.

(Рецензент: *проф. д-р Иван Микулчиќ*)

---

[22] *Турски документи,* Том V, кн. III, 80, 81, 648, 657; Стојановски 1989, 241, 249.

[23] Cf. n. 21.

## ЛИТЕРАТУРА


*BYZANTIUM 1994 = Byzantium, Treasures of Byzantine Art and Culture,* ed. by D. Buckton, London 1994.

Werner, Malaja Pereščepina = Werner J., Der Grabfund fon Malaja Pereščepina, Münhen 1984.

www.cafeturco.com (2007) = http:www. cafeturco.com/content.aspcid=114/03/09/2007.

Димитрова 1993 = Димитрова Е., *Керамичките релјефи од Виничко Кале,* Скопје 1993.

Дончева-Петкова 1996 = Дончева-Петкова Л., *Митилогични изображения от Българското средновековие,* София 1996.

Зечевић 2004 = Зечевић Е., Накит Новог Брда, *Ново Брдо*, Београд 2004.

Иванић 1998 = Иванић Б., *Прстење српске средњовековне властеле,* Београд 1998.

Милошевић 1990 = Милошевић Д., *Накит од XII до XV века из збирке Народног музеја – Београд*, Београд 1990.

Стојановић 1902 = Стојановић Љ., *Стари српски записи и натписи* I, Београд 1902.

Стојановић 1934 = Стојановић Љ., *Старе српске повеље и писма* II, Београд – Сремски Карловци 1934.

Стојановски 1989 = Стјановски А., *Македонија во турското средновековие,* Скопје 1989.

*Турски документи = Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак*, Том V, кн. III, Скопје 1982.

Ћирковић 1968 = Ћирковић С., Почтени витез Прибислав Вукотић, *Зборник Филозофског факултета* X-1, Београд 1968.

Chevalier-Chreerbrant 1987 = Chevalier J. – Chreerbrant A., *Rječnik simbola,* Zagreb 1987.

Elica MANEVA

# TWO 16th CENTURY SEAL RINGS OF AN UNIDENTIFIED NOBLEMAN FROM VODOČA


## Summary

*The unusual inventory from grave 489 at Vodoča ( a knife, fragments of buttons from high-quality garments and especially the two seal rings) offers a provocative story concerning an interesting and controversial individual from the 16th century.* **Fig. 1, 2.**

*The fact that the signet ring was found on the index finger of the right handoff the deceased (**Fig. 3, 4**), that its shape is characteristic of knights rings and that its seal is in the form of a dragon with spread wings indicates that the deceased was of noble origin, and probably a knight.*

*The Knight Order of the Dragon was established by the Hungarian king in 1408 and its mission was the fight against the Antichrist and the onslaught of the Ottomans. The knights of the highest rank (kings, despots, herzogs, dukes and other feudal lords) had the privilege of „bestowing" knighthood on 50 of their followers.*

*In the 15th century, some „noble" individual from these parts was knighted in this manner. His descendant from the second or third generation (judging from the fact that the ring is worn off with long use) was buried with this insignia in grave 489 in Vodoča.*

*At the same time, a practically „new" 16th – century memorial ring with an Ottoman Turkish seal on which the name 'Mohamed' is inscribed was found on the left hand of this individual. (**Fig. 5-7**).*

*It can be fairly safely assumed that the individual who gave this memorial ring as a gift was Mohamed Ibrahim who is mentioned in the Ottoman 16th – century cadastral survey (defters) in Vodica (Vodoča), district of Strumica, military district of Kjustendil.*


***Keywords:*** *NECROPOLIS FROM VODOČA, SEAL RINGS, KNIGHT ORDER OF THE DRAGON, OTTOMAN TURKISH INSCRIPTION, OTTOMAN CADASTRAL SURVEY .*